# СТРАТЕГИЈА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА ОПШТИНА БИТОЛА 2023 -2027

Економски силна општина, со поволна бизнис клима и оптимални инвестициски можности, атрактивна културно - туристичка дестинација, општина со имплементирани зелени и енергетски ефикасни решенија и развиена инфраструктура.



**Подготвена од:**
Локален економско социјален совет
(со посебно учество на Организација на работодавачи, Регионална стопанска комора - Битола, АВРСМ, НВО, УКЛО)
Јавен сектор/општинска администрација
Бизнис сектор
Дополнително обезбедени податоци од:
Центар за развој на Пелагониски плански регион
Завод за статистика
Управа за јавни приходи
Централен регистар
Јавна анкета за граѓани
Јавна анкета за бизнис сектор

Јуни, 2023

## СТРУКТУРА НА СТРАТЕГИЈАТА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ

Предговор од Градоначалникот

Извршно резиме

Листа на табели, слики и кратенки

1. Вовед на стратегијата

2. Процес на изработка на Стратегијата за локален економски развој

3. Локална економска анализа

3.1 Анализа на локалната економска структура

3.2 Локална соработка и вмрежување

3.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

3.4 Пристап до финансии

3.5 Земјиште и инфраструктура

3.6 Регулаторна и институционална рамка

3.7 Вештини и човечки ресурси, инклузивност

3.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

4. Анализа на силни страни, слаби страни, можности и закани (SWOT)

5. Визија и цели (вклучувајќи и очекувани резултати)

6. Акциски план

7. Шема за финансирање

8. Индикатори и механизми за мониторинг

## Предговор

Битола, како најголем градски центар во плодната и најголемата македонска котлина Пелагонија, која влегува во категоријата најголеми градови во државата, се стреми кон континуиран напредок и создавање на подобри услови и поволна бизнис клима. Како град со големо културно - историско наследство, можности за развој на туризмот и универзитетски центар, Битола има капацитет да напредува во сите области, за што се неопходни добро планирање, соработка и реализација.

Стратегијата за локален економски развој на општина Битола за периодот 2023 – 2027 година, доаѓа по претходниот документ, кој што беше со важност до 2018 година, во кој што економскиот развој го вклучуваше само еден дел на локалниот развој на општината. Со овој нов документ, внесуваме нов пристап на ревидирање на претходната документација, низ активен процес на соработка со бизнис заедницата, невладиниот сектор, образованието и сите релевантни институции кои може да дадат свој придонес во планирањето и реализацијата на активностите, кои водат кон создавање на подобра економска слика за општината. При планирањето, вклучени се сите важни елементи кои се реално остварливи, неопходни и за кои што постојат начини за обезбедување средства од меѓународните фондови.

Економскиот напредок на општината, може да се постигне само со вмрежување, заедничка работа и идентификување на најголемиот дел недостатоци и предизвици, за што е потребна комуникација на сите нивоа, но и реални, амбициозни и остварливи акции, кои ќе значат решавање конкретни проблеми. Она што се издвојува како впечатлив факт на оваа Стратегија, е аргументот што во една голема општина како Битола, истовремено планираме активности и од областа на основната инфраструктура (водовод, канализација и патишта), додека паралелно се стремиме кон дигитализација. Но, таа е реалната слика и потреба на општината. За да бидеме во чекор со новото време, сме фокусирани на основните услови за да може да се воспостави функционалност за граѓаните и потенцијалните инвеститори, но истовремено и да се забрзаат потребните процедури, за да може дигитализацијата да ѝ пркоси на бирократијата, што е неопходно во процесот на ефективно и ефикасно придвижување на законската и регулационата рамка.

Дел од планираните проекти во Стратегијата, веќе се воведуваат и во општинските програми, со што врз основа на проценетата вредност се планира и потребниот буџет. Но, за некои проекти сè уште треба да се најде начин за да се обезбеди изворот на финансирање. Сериозноста пред потенцијалните финансиери е еден од клучните фактори за добивање на потребната поддршка.

Очекувам, воспоставеното партнерство во изработката на оваа Стратегија, да продолжи успешно да функционира, а Битола да стане економски силна општина, која со својот потенцијал ќе ги задржи своите млади граѓани, додека низ културно - туристичкиот потенцијал ќе биде атрактивна дестинација за голем број посетители.

*Градоначалник на општина Битола*
*Тони Коњановски*

Да побарате примерок од оваа Стратегија, Ве молиме контактирајте нѐ:

Име: Цветанка Ристевска

Назив: Раководител на одделение за административни и општи работи

Адреса: Булевар 1 Мај бр.61 Битола

Телефон: 047208339

Факс:

Е-маил: contact@bitola.gov.mk

Веб страница: www.bitola.gov.mk

## Извршно резиме

Општина Битола е значаен економски, образовен и културен центар во југозападниот дел од државата, со одлична геостратешка положба и природно опкружување. Оттука, важноста на локалниот економски развој е од суштинско значење за напредок на регионот, со што би се обезбедиле стабилни услови за економска активност, поддршка на локалниот бизнис сектор и привлекување нови инвестиции. Ваквите заложби треба да обезбедат креирање на нови работни места и подигање на нивото на животен стандард на населението во општината.

Стратешкиот документ, каде што добро е испланирана насоката во која треба економски да се развива општината во следниот четиригодишен период, е од клучна важност за понатамошните инвестиции, партнерства и вмрежувања. Токму затоа, општина Битола е една од општините кои се дел од Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите", за што Меморандумот за соработка беше потпишан од двете страни во мај 2022 година. Со овој проект се врши ажурирање на дел од податоците од претходната Стратегија за локален развој на општината, но се дефинираат и планираат приоритетите кои произлегуваат од современите потреби за економски развој.

Податоците од извршената SWOT анализа, јасно ги детектираат силните страни кои ги има општината од аспект на поволна геостратешка положба, универзитетски центар, општина со активни субјекти од бизнис секторот, квалификувана работна сила и голем природен и културно - туристички потенцијал. Индустриската зона „Жабени", е уште една силна страна на општина Битола, а во силните страни на општината е и транспарентното работење преку активна соработка со сите чинители, вмрежување и иновативност. Како слаби страни кои влијаат на економскиот развој на општината, меѓу другото, се истакнуваат недоволно изградената бизнис и патна инфраструктура, долгите бирократски процедури, дефицитарни кадри во одредени занимања, како и недоволната искористеност на туристичкиот потенцијал. Можностите за економски напредок, се во директна корелација со пристапноста на домашните и меѓународните фондови, следењето на новите трендови и дигитализацијата на услугите, како и пристапот до центри за доквалификација, преквалификација на работната сила и стекнување на соодветни практични вештини. Во однос на негативните аспекти и закани за економскиот развој, се наведува неповолната законска регулатива во повеќе области, долгите сложени законски постапки и пасивноста на одредени институции, неусогласеноста на образовниот процес и реалната побарувачка на пазарот на трудот, неподготвеноста на институциите за дигитализација, како и миграцијата на работната сила од државата.

Општина Битола, во следниот четиригодишен период, економскиот развој го насочува кон реализација на визијата: Економски силна општина, со поволна бизнис клима и оптимални инвестициски можности, атрактивна културно - туристичка дестинација, општина со имплементирани зелени и енергетски ефикасни решенија и развиена инфраструктура.

Стратешките цели во оваа насока се идентификувани како создавање на: Развиена инфраструктура во функција на чиста животна средина и економски развој на општината, Поволна бизнис клима, нови инвестиции и нови работни места и Препознатлива културно - туристичка дестинација.

За реализација на овие цели предвидени се активности кои се однесуваат на подобрување на патната, подземната инфраструктура, изградба на пречистителни станици и колекторски системи, реализација на обврските кои ги има општината, а се поврзани со проектите за гасификација и топлификација, како и доизградба на деловите на градот каде веќе работат повеќе деловни субјекти. Локалната самоуправа како поддржувач на економскиот развој, мора да создаде подобри услови за инвеститорите преку активности со кои ќе се намалат бирократските постапки, за што ќе биде ставен во функција интегриран ГИС систем и систем за електронски постапки. Соработката во делот на образованието, исто така е мошне значајна, поради што предвидени се активности за вмрежување, спроведување на универзитетска летна пракса, доквалификација и преквалификација, според потребите на бизнис секторот.

Битола има голем потенцијал и за културно - туристички напредок. Преку активностите со кои се поддржуваат проекти на ЈУ Национален парк Пелистер, организацијата и поддршката на разни видови културни манифестации и заштитата и промоцијата на културното наследство, Битола има огромни можности за привлекување на голем број туристи, со што се вложува во зголемување на добивката на повеќе дејности, меѓу кои и угостителството, хотелиерството, производствените дејности и друго.

Дел од активностите кои се планирани во оваа Стратегија, може да се реализираат со средства од Буџетот на општината, но за еден дел потребно е да бидат обезбедени средства од дополнителни извори на финансирање. За таа цел, општина Битола, стратешки подготвена, пристапува кон искористување на можностите кои ги нудат националните програми и меѓународните фондови.

**ЛИСТА НА ТАБЕЛИ И СЛИКИ И КРАТЕНКИ**

ЛЕР – Локален економски развој

РСК – Регионална стопанска комора

ЦРППР – Центар за развој на Пелагонискиот плански регион

МСП – Мали и средни претпријатија

ЕЛС – Единици на локалната самоуправа

ГИС – Геоинформациски систем

НВО – Невладини организации

УКЛО – Универзитет „Свети Климент Охридски“

ЕУ – Европска унија

ЛЕСС – Локален економско социјален совет

ИТ – Информатичка технологија

ФЗО – Фонд за здравствено осигурување

ПИОМ – Пензиско и инвалидско осигурување на Македонија

АВРСМ – Агенција за вработување на Република Северна Македонија

УЈП – Управа за јавни приходи

ЈПП – Јавно приватно партнерство

ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки

ELOGE - Европска ознака за извонредност во управувањето

ПЛРК – Проект за локална и регионална конкурентност

ИЗ – Индустриска зона

ГУП – Генерален урбанистички план

ДУП – Детален урбанистички план

НП – Национален парк

КИЦ – Културно информативен центар

ЈПП – Јавно приватно партнерство

ЦФЦД – Сектор за централно финансирање и склучување договори

## Табели

**Табела 1:** Анализа на локалната економска структура - презентирање на компаниите од приватниот сектор

**Табела 2:** Активна транспарентност на општините од Пелагонискиот регион

**Табела 3:** Главни предизвици од областа на регулативата (според приватниот сектор)
**Табела 4:** Вкупна површина на која се протега општина Битола
**Табела 5:** Анализа на силна страни, слаби страни, можности и закани (SWOT)

**Табела 6:** Акциски план

**Табела 7:** План за мониторинг

**Табела 8:** Шема на финансирање

**Прилози:**

**Прилог 1:** Извори на финансирање

**Прилог 2:** Земјиште и инфраструктура во АРМ и Индустриска зона Жабени

## 1. Вовед во стратегијата

Општина Битола, покажа интерес за Проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" во декември 2021 година, а Меморандумот за соработка беше потпишан од двете страни во мај 2022 година.

Општина Битола е сместена во југозападниот дел од нашата држава, во непосредна близина на границата со Република Грција. На север од Битола се наоѓа главниот град на Македонија, Скопје (169 км), на североисток се наоѓа градот Прилеп (43 км), на југ се наоѓа градот Лерин (Грција) (33 км) и на северозапад се наоѓаат Ресен (29 км) и Демир Хисар (29 км). Поврзан е со патна инфраструктура кон 4 правци - грчката граница, кон Прилеп, Демир Хисар и кон Ресен. Најблискиот аеродром до градот е во близина на Охрид, кој е оддалечен 75 километри, додека од Меѓународниот аеродром во Скопје оддалеченоста е 153 километри. Како дел од железничката мрежа на поврзување во државата, Битола е поврзана со железничка пруга кон градот Прилеп – Велес, со главниот град Скопје. Неодамна е реконструирана железничката пруга со соседна Грција, која за жал, не функционира. Во близина на градот, има спортски аеродром Логоварди.

Според податоците на Државниот завод за статистика, вкупниот број на работоспособни лица изнесува 72 744 лица, од кои 35 417 се мажи, а 37 327 се жени. На територијата на општина Битола, според пописот од 2021 година, живеат 85 164 жители, од кои 69 287 се населени во градот Битола, а 15 877 во руралните средини. Во 2021 година, според Државниот завод за статистика, 488 лица се доселиле во општина Битола, од кои 287 се доселиле од друга општина, 107 од друго место во иста општина и 94 се доселени граѓани во државата. Отселени се вкупно 378 лица, 217 отселени од друга општина, 107 отселени од друго место во иста општина и 54 отселени граѓани од државата.

Сите овие параметри, говорат дека општина Битола е значаен економски, образовен и културен центар во југозападниот дел од државата, со одлична геостратешка положба и природно опкружување. Оттука, важноста на локалниот економски развој е од суштинско значење за напредок на регионот, со што би се обезбедиле стабилни услови за економска активност, поддршка на локалниот бизнис сектор и привлекување нови инвестиции. Ваквите заложби треба да обезбедат креирање на нови работни места и подигнување на нивото на животен стандард на населението во општината.

Најдобар начин на делување и управување во локалната самоуправа е кога максимално функционално се користат расположливите ресурси (човечки ресурси, недвижен имот, буџет), преку нивно зајакнување и развој. Со овој проект на УСАИД, сметаме дека општинската администрација значително ќе ги зајакне капацитетите, ќе доведе до зголемување на приходите од сопствени извори, зголемен пристап до надворешно финансирање, зголемено ниво на извршување на буџетот на ЕЛС и подобрување на процесот на децентрализација. Ќе се унапреди стратешкото планирање и инклузивноста на граѓаните, здруженијата, бизнис секторот, што значи создадени можности за подобрување на економските параметри во општината, што директно ќе значи и унапредување на транспарентноста и создавањето подобар квалитет на условите за живеење во општината.

Стратегијата за локален економски развој е изготвена според методологијата на проектот на УСАИД „Зајакнување на капацитетите за искористување на ресурсите" и претставува нов стратешки документ за локален економски развој на општина Битола. Последната стратегија за локален развој на општина Битола е за периодот 2014-2018 година. Оваа Стратегија, значи ревидирање на претходната во делот на економскиот развој, дефинирање на приоритетите за понатамошно делување и **истата не е сеопфатна и не ги заменува постојните планови за работа во општина Битола во останатите сфери, како што е образованието, туризмот, културата итн.** Фокусот на овој план е да овозможи поголема вклученост на бизнис секторот во создавањето на општинските стратегии, како и развојот на приватниот сектор, за да се зголеми растот, развојот и вработеноста. Стратегијата за локален економски развој ќе биде стратешки документ кој ќе служи за поставување на целите и задачите за следните 4 години во однос на економскиот развој на општина Битола.

Добриот стратешки план, овозможува солидна основа за понатамошно креирање на општинските програми, кои ќе поаѓаат од моменталните потреби во општината, во правец на подобрување на состојбите, добро планирање и искористување на буџетот, во функција на развој на општината. Од друга страна, циклусот низ кој ќе помине општинската администрација, перспективно ќе овозможи и нејзино директно вклучување во реализација на стратешките цели и акциски планови. Тоа директно е поврзано и со искористување на можностите за надворешно финансирање кое е многу потребно во услови на економска и енергетска криза.

Како основна појдовна компонента во изработката на Стратегијата, е вклученоста на бизнис секторот. Од почеток, воспоставени се релации со Локалниот економско социјален совет, во чии што рамки беше формирана посебна работна група, за изработка на овој стратешки документ. Активно се вклучи и Регионалната стопанска комора, преку свои претставници, кои овозможија обезбедување на потребните податоци. Паралелно, вклучено е и граѓанското општество преку повеќе невладини организации, кои активно партиципираат при собирањето на сите потребни информации за квалитетна изработка на стратешкиот документ. Имплементацијата и реализацијата на Стратегијата, во голема мерка ќе зависи од приватниот сектор и нивните потреби, кои ќе бидат земени во предвид за натамошен развој на локалната економија, како и меѓусебната соработка на сите вклучени засегнати страни. Со ваквиот начин на изработка на овој документ, бизнис секторот е активен чинител во процесот на создавање на подобра економска состојба во општина Битола.

Голем дел од барањата на бизнис секторот, невладиниот сектор, нивните потреби и насоките за подобар економски развој, се дел од програмите за работа на општина Битола, а со тоа и дел од општинскиот буџет. Подобрување на инфраструктурата, комуналната сфера, отпочнување на изработката на ГУП, подобрување на работата на локалната администрација во поглед на поефикасно извршување на работните задачи, дигитализација на услугите, се само дел од активностите, предвидени во општинскиот буџет за работа на општина Битола за 2023 година.

## 2. Процес на изработка на Стратегијата за локален економски развој

Стратегијата за локален економски развој (ЛЕР) е изготвена врз основа на методологијата развиена од страна на проектот Градоначалници за економски раст (M4EG) финансиран од ЕУ и спроведен во Ерменија, Азербејџан, Белорусија, Грузија, Молдавија и Украина.

Изработката на нова Стратегија за локален економски развој во општина Битола, се наметна како потреба поради новите економски параметри во локалната бизнис економија, кои на општинско ниво не беа дефинирани од 2018 година. Истовремено, кон крајот на 2022 година се конституираше новиот состав на ЛЕСС, а неговото проактивно делување и соработка со општината, ја овозможи релацијата на партнерски односи помеѓу бизнис секторот, образованието, невладиниот сектор и општинската администрација.

Работниот тим од општина Битола составен од три лица, задолжени за изработка на Стратегијата, воспостави контакти со претседателката на ЛЕСС, на чија иницијатива за потребите на изработката на стратегијата беше формирана посебна работна група составена од 6 лица, која активно учествуваше во квалитетната изработка, обезбедувајќи релевантни податоци, а со тоа давајќи јасна слика на состојбата со локалната економија, преку која може да се креира визија за економскиот напредок, со сите јаки и слаби страни, како и можности и закани. Беа воспоставени контакти и со сите институции кои обезбедуваат релевантни податоци - Агенција за вработување, Завод за статистика, Централен регистар итн. Во обезбедувањето на податоци, активно се вклучи и Регионалната стопанска комора.

Работниот тим од општина Битола, водејќи се од прирачниците за изработка на Стратегијата за локален економски развој, изготви сопствен прашалник, кој беше испратен до активните бизнис чинители во општината (од сите области и од различни големини), со цел да се добие конкретен одговор на сите нивни барања, цели, потреби поврзани со јавната администрација, како и нивната меѓусебна вмреженост и поврзаност со образовните институции. Одговорите дадоа јасна слика за одредени прашања и насока на делување при изготвување на оваа Стратегија. Во периодот на изработка на Стратегијата (октомври 2022-мај 2023), беа реализирани голем број телефонски разговори, како и директни средби со претставници на бизнис секторот.

Изготвените делови од Стратегијата на неколку работни состаноци се разгледуваа и од страна на ЛЕСС, каде што партиципираат и претставници на НВО и образовните инситуции, по што се инкорпорираа и конкретни забелешки при финализирањето на овој стратешки документ.

# 3. Локална економска анализа

## 3.1 Анализа на локалната економска структура

Општина Битола е значаен економски фактор во економската слика на Република Северна Македонија. Застапени се голем дел од дејностите кои ја отсликуваат локалната економска структура.

Според податоците на Централен регистар, на крајот од 2021 година, компании кои што оствариле најголема добивка во општина Битола се од областа на градежништвото (РУД-КОП ДООЕЛ Битола), преработувачката индустрија (Цермат), Трговија на големо и трговија на мало (Друштво за преработка на тутун Сокотаб), Информации и комуникации (Интерворкс), Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (Пелагонија Енерџи ДООЕЛ Логоварди), Рударство и вадење на камен (Пелистер ДОО Битола), Финансиски дејности и дејности на осигурување (СН осигурителен брокер Битола) итн.

На листата на правни субјекти од трговскиот регистар на територијата на општина Битола одделно за секој сектор, кои за пресметковната 2021 година имаат остварено најголем приход, се најдоа следните компании: Кромберг и Шуберт (преработувачка индустрија), Еуро-Фарм увоз извоз ДООЕЛ Битола (Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и моторцикли), КЛУБ СПОРТ 77 (уметност, забава и рекреација), Земјоделски комбинат Пелагонија (земјоделство, шумарство, рибарство), РУД-КОП ДООЕЛ Битола (градежништво) итн.

По сектори, најголем број на вработени лица од општина Битола има во административни и помошни услужни дејности (друштво за консалтинг услуги Таскфорце) со 774 вработени лица, Приватна здравствена установа-аптека ЕУРОФАРМ Битола (Трговија на големо и трговија на мало, поправка на моторни возила и моторцикли) со 514 лица, КЛУБ СПОРТ 77 (уметност, забава и рекреација) со 494 вработени лица итн. Најмал број на вработени лица, само 3, има во Јавно претпријатие за стопанисување со Индустриска зона Жабени Битола.

Споредено со националните параметри, во Македонија има 58779 правни субјекти од трговски регистар, со 414125 вработени лица. Од нив, на територијата на општина Битола има 3205 субјекти, со 24283 вработени лица.

Во однос на просечните примања, на крајот од 2021 година, битолската просечна плата била пониска од онаа во државата за околу 1500 денари, односно во вкупно 53290 субјекти на државно ниво биле исплатени 23950 денари, додека во Битола во 3044 субјекти, биле исплатени 22249 денари.

Според моменталната економска слика на општина Битола, може да се заклучи дека споредбено со изминатите 5 години (2017-2021), расте бројот на субјекти и вработени во преработувачката индустрија, како и во дејноста на информации и комуникации. Во истиот споредбен период, во општина Битола расте бројот на мали, средни и големи претпријатија, а се намалува бројот на микро субјектите (околу 250 помалку), што се поклопува и со националните параметри на намалување на микро претпријатијата, а зголемување на бројот на останатите економски субјекти. Тенденцијата на економската слика за следниот период до 2030 година[1]е дека преработувачката индустрија ќе бележи пораст, а земјоделството ќе опаѓа. Како загрижувачки фактор се наведува константното намалување на жителите и мигрирање кон надворешни земји, или кон главниот град Скопје.

Од бруто-домашниот производ во 2021 година во земјава, кој изнесува 720.414 милиони денари[2], 12% отпаѓаат на Пелагонискиот регион.

---

[1] според анализите на д-р Благица Новковска, национален експерт за пазар на труд и за образование

[2] Податоци на Државниот завод за статистика добиени од годишните сметки на деловните субјекти и други извори за 2021 година

**Табела 1: Анализа на локалната економска структура - презентирање на компаниите од приватниот сектор**

| ***Вид на економска активност*** | ***Број и % на компании (според класификација)*** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ***Микро*** | ***Мали*** | ***Средни*** | ***Големи*** |
| | | | | |
| *Индустриско производство* | 11 | 10 | <4 | 8 |
| *Земјоделство* | 162 | 2 | | Заштитен податок <4 |
| *Преработувачка индустрија* | 224 | 117 | 9 | 6 |
| *Трговија* | 727 | 429 | 15 | 9 |
| *Финансиски услуги* | 18 | <4 | <4 | <4 |
| *Медицински услуги* | 160 | 34 | <4 | <4 |
| *Услуги за населението (фризерници, перални, поправка на автомобили, други сервиси, итн.)* | 138 | 120 | | |
| *Ресторани, кафе барови* | 141 | 72 | <4 | |
| *Хотели, хостели, итн..* | | | | |
| *ИТ услуги* | 71 | 26 | <4 | <4 |
| *Транспорт* | 183 | 6 | <4 | <4 |
| *Градежништво* | 131 | 65 | 5 | <4 |
| *Управување со отпад* | <4 | 6 | <4 | <4 |
| *Дејности во врска со недвижен имот* | 18 | 7 | | |
| *Стручни, научни и технички дејности* | 334 | 58 | | <4 |
| *Административни и помошни услужни дејности* | 57 | 46 | <4 | |
| *Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување* | | 7 | | <4 |
| *Образование* | 45 | 31 | <4 | |
| *Уметност, забава и рекреација* | 42 | 51 | <4 | <4 |

*Податоци од Државен завод за статистика за 2021 година, според Национална класификација на дејностите*

### 3.2 Локална соработка и вмрежување

Постојните форми на соработка и вмрежување на ниво на општина Битола се задоволителни и корисни, според поголемиот дел од чинителите на економската слика, вклучувајќи го бизнис секторот, образованието, Регионалната стопанска комора итн., но исто така, сите сметаат дека во најголем дел постои можност за дополнителен развој на соработката и вмрежувањето во повеќе сфери.

Во насока на подобар економски развој и заедничка соработка со бизнис секторот и општината, формиран е Локален економско социјален совет (ЛЕСС) на општина Битола, чиј претседавач е претставник на Организација на работодавачи, а заменик претседавач е претставник на општина Битола. Претседателот на ЛЕСС раководи и со новоформираната комисија за изработка на стратегијата за Локален економски развој, а од членовите на ЛЕСС беше побарано да се вклучат со свои предлози за изготвување на оваа стратегија. На овој начин, локалниот економско социјален совет, покажува отвореност за соработка и реализација на проекти во координирани активности помеѓу бизнис заедницата, синдикатите, општината, другите институции, невладиниот сектор и образованието.

Општина Битола, тргнувајќи од своите начела за подобар економски развој, го зема предвид гласот на бизнис заедницата и се труди да им излезе во пресрет на нивните барања. Во таа насока, општинското раководство често ги посетува локалните бизнис компании од различен обем и дејност. Една од мерките кои произлегоа од соработката на бизнис секторот и локалната самоуправа е реконструкцијата на ул. „Индустриска", во старата индустриска зона на Битола, со што се обезбедува подобар пристап за правните субјекти чии бизниси работат на оваа локација. Според даночната база на податоци, преземени од Централен регистар, на оваа адреса се водат околу 90 фирми, но не сите од нив се функционални - истите не се затворени поради големите трошоци за оваа намена.

Универзитетот „Св. Климент Охридски" во општина Битола е клучен фактор за соработка со општината на научен и образовен план. Потпишан е меморандум за соработка со универзитетот и со дел од факултетските единици, а заедничката соработка резултира и со неколку заеднички проекти преку ИПА и други програми. Сепак, од Универзитетот сметаат дека уште повеќе може да се продлабочи соработката со локалната самоуправа, особено на полето на услуги за преквалификација или доквалификација на лица со универзитетско образование согласно интересот на граѓаните, деловната заедница и општината, како и со зголемена практична работа на студентите во летните месеци во општината и во јавните претпријатија. Во општина Битола работи Македонско научно друштво, кое исто така преку свои претставници ќе ја продлабочува соработката на претставниците на научната фела и општината.

Регионалната стопанска комора е дел од ЛЕСС на општина Битола. Покрај редовните средби, од Регионалната стопанска комора излегуваат и со свои предлози за развивање и ефектуирање на соработката со општината, служејќи како линк за надминување на проблемите на стопанствениците и локалната самоуправа. Регионалната стопанска комора брои околу 5000 субјекти, но активно соработува со 600-800 фирми од Пелагонискиот регион. Поделбата на компаниите, според бруто додадена вредност припаѓаат на примарна, секундарна и терцијарна дејност. Во примарната дејност спаѓаат РЕК Битола (иако РЕК Битола е на територија на општина Новаци, но со голем број

вработени од општина Битола) и придружните компании во рударскиот сектор, ЗК Пелагонија, Сокотаб, Хемометал, Синпекс, Евростил, Бис промет итн. Секундарната дејност ја сочинуваат претежно градежни компании, ГП Пелистер, БВ Инженеринг, Киро Дандаро, Фустеларко Борец, Графопром, Кромберг и Шуберг, Ери, Холмак, Квасара, Монтинг, како и јавните претпријатија Нискоградба, Водовод и Комуналец.

Терцијалната дејност ја опфаќаат поголемите хотели, ИТ секторот, банкарскиот сектор, шпедициите и царинските терминали (Хотел Епинал, Елем турс Молика, хотел Капри, винарија Чифлик, Isource итн.)

Исто како и Универзитетот и од Регионалната стопанска комора сметаат дека треба да се вмрежуваат искуствата за преквалификација и доквалификација и кариерно советување на лицата кои бараат работа, како и да се разгледа можноста за поттикнување на отворање на зелени работни места (енергетска ефикаснот, обновливи извори на енергија, заштита на животна средина). Регионалната стопанска комора, планира да опфати околу 200 фирми со обуки за зелени вработувања (енергетска ефикасност) и пристап до финансии од оваа област.

Во општина Битола е седиштето на Пелагонискиот плански регион, кој ги опфаќа 9-те општини од регионот, нивната заедничка соработка, како и бизнис плановите и активностите на општините. Тие работат во насока на целосно подобрување на економската слика на регионот, а соработката и конкретните проекти се реализираат согласно специфичните потреби на секоја општина.

Територијата на Општина Битола е составена од 794 км2 површина урбан дел и 768 км2 рурален дел, а според пописот од 2021 година, во градот Битола се населени 69 287 жители, а 15 877 во руралните средини. Според овие податоци, како и според податоците за локалната економска структура, во која се застапени 162 микро компании од областа земјоделство, од голема важност е поддршката кон локалните земјоделци и поддршката за земјоделското производство и преработувачката индустрија. Во таа насока, значајна е модернизацијата на земјоделското производство, брендирање на земјоделски и прехранбени прозводи, отворање на нови преработувачки капацитети, зголемување на бројот на сместувачки капацитети во руралните средини, подобрување на туристичката инфраструктура, поттикнување на енергетската ефикасност во руралните средини и искористување на обновливите извори на енергија, поттикнување на индивидуалните бизниси во насока на производство на чиста и еколошка храна (пчеларство, производство на мед, органско производстсво на храна и производи).

Во насока на подобар економски развој, значајно е спроведувањето на проекти за заштита на животната средина, особено во планинските и руралните средини, како и зачувувањето на автентичноста на овие области, преку архитектурата, уникатноста на традицијата и културните обичаи и традиционалните рачни изработки.

Општина Битола на својата територија има и големи компании. Претставниците на најголемата, Кромберг и Шуберт, која вработува 5300 лица, сметаат дека соработката со општината е корисна, но е потребно е да се има поголема координација на теми кои се важни за стопанството и за компаниите во општината, како на пример

- патишта и инфраструктура,
- соработка со јавни претпријатија и државни институции (Водовод, Комуналец, ИЗ Жабени, Полиција)
- заедничка медиумска покриеност и промоција

Постојната соработка потребно е да се надоградува со почеста комуникација и грижа, да се излегува во пресрет на потребите на компанијата, да се знаат плановите и активностите на компанијата за да може општината да го следи работењето, како што е зголемување на обем на работа, потреба од нови вработувања на кадар, следење на оштествено одговорните проекти на компанијата кон заедницата и сето тоа да може да биде во соработка со општината и да помогне во медиумската промоција и прикажување на компанијата како важен економски дел од општината. Вмреженоста со Универзитетот „Св. Климент Охридски" Битола на оваа компанија е преку договор со кој се доделуваат стипендии за студенти од Универзитетот и се примаат практиканти. Не помалку значаен е и проектот Дуално образование во соработка со ЕМУЦ „Ѓорѓи Наумов", со кој веќе 4 паралелки на средношколци од насока мехатроника изведуваат практична настава во современо уреден кабинет во оваа компанија.

Дел од компаниите пак, сметаат дека соработката со општина Битола не е многу корисна и треба да се подобри. Тие сметаат дека само со заедничка соработка и двонасочна консултација во донесувањето на одлуките, може да дојде до подобар резултат. Како потреба се истакнува зголемување на соработката со локалната самоуправа не само преку постапки за јавни набавки, туку и на други начини, посебно во делот на добивање на урбанистичко планска документација (детален урбанистички план и комунални услуги - уредување на улица „Прогрес" до влез на „Битолатекс")

Исто така, дел од компаниите предлагаат да се формира Економски Совет (внатре или надвор од општината) кој би ги опфатил етаблираните бизнис имиња од градот. Изборот на луѓе е многу важен. Соработката со општината не е оценета како задоволувачка, а финансиски конкретни резултати нема или се малку. Сепак, состојбите се подобруваат, преку воспоставената и интензивирана комуникација во однос на решавањето одредени проблеми и предизвици, како резултат на подготвеноста и проактивниот однос на општината и градоначалникот.

Според интервјуираните претставници на приватниот сектор, тие ја оценуваат соработката со општина Битола како корисна и двострана, но сметаат дека за придвижување на локалниот економски развој, потребно е стратешко планирање и спроведување развојни проекти од значење за општината, искористување на сите природни реткости и ресурси и нивна промоција, соработка со бизнис заедницата, граѓаните и сите заинтересирани и засегнати заедници. Постојната соработка мора да е надградена со непосредно учество на заедницата и граѓанското општество, промоција и маркетинг, вложување во обука на човечки ресурси. Општината е отворена за соработка, а меѓусебното функционирање е коректно.

Подрачната единица на Агенцијата за вработување соработува со општина Битола преку активната мерка – Општинско корисна работа. Соработката е корисна, постои заедничка комисија за избор и селекција на кандидати и добра комуникација во текот на реализацијата на активностите, но од агенцијата наведуваат дека добиваат слаба техничка поддршка и се одржуваат мал број формални средби пред започнување на мерката.

На полето на културната соработка, сите институции и компании велат дека имаат многу корисна соработка со општина Битола.

Општина Битола и УКЛО преку Центар за кариера, алумни и доживотно учење организираат Универзитетска летна пракса. Оваа активност ги опфаќа можностите студенти од УКЛО да се вклучат во обавување практична работа во одделните сектори на општина Битола, со тенденција истата да се прошири и во јавните претпријатија кои се во надлежност на општината. Целта е преку практичната работа, студентите да ги подобрат своите компетенции за вработување, а општината би добила „помош" во летниот период, кога се користат летните одмори и институциите работаат со помал капацитет.

Најголемиот дел од стопанските субјекти се членки на Регионалната стопанска комора, од каде што добиваат услуги за поддршка на нивниот бизнис, поврзување со исти или слични компании од нивен делокруг, издавања на сертификати за потекло на стоката, различни видови на обуки, итн.

Во градот постои и здружението за угостителство и туризам КЛУБ ЕСНАФ Битола, кое ги обединува туристичките и угостителските работници, со цел заеднички да делуваат во однос на напредокот, услугите и цените, кои тие ги нудат за соодветните гости и посетители.

Комората на занаетчии од Битола, како здружение, има за цел да ги обедини и да ги застапува интересите на занаетчиите во градот, чиј број, за жал, во изминатите години има тенденција на опаѓање.

## 3.3 Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција

Најголем дел од претставниците на бизнис секторот реагираат на времетраењето на процедурите за одредени услуги кои што ги бараат од општината. Компаниите ја потенцираат и потребата од достапни информации за извори на финансирање, како и поддршка од општината, ФЗО, ПИОМ, АВРМ, УЈП, особено во бизниси чија обврска е врзана со рокови, а административните процеси се долги. Во делот на земјоделието, како посебен проблем се истакнува доцнењето на субвенционирањата.

Компаниите имаат потреба од помош, особено од стручни кадри, кои се крајно дефицитарни. Потребна е помош при изведување на нивните планирани инвестиции, особено при обезбедување на инфрастуктурата за нивните потреби.

Општината не треба и не може да се дистанцира од приватниот капитал, особено ако нивните барања се реални и корисни за сите. Мора да застане зад нив, бидејки секоја нова инвестиција е огромен напор за секоја фирма. Со новата стратегија за ЛЕР нагласена е потребата за поголемо ангажирање на општината за задоволување на потребите на приватниот сектор, посебно во делот на нивните планирани инвестеции и инфраструктура.

Компаниите очекуваат јавниот сектор (општината), да направи повеќе во брзината и професионалноста при извршување на обврските, особено во поедноставување на процедурите на фирмите, како и поволна финансиска помош, доколку е тоа потребно. Сметаат дека тоа може да се постигне со целокупна промена на законска регулатива, фактички, а не само формално, со подигнување на капацитетите (бројот на вработени) во јавната администрација.

Бизнис секторот посочува дека е потребен поголем број на организирани јавни дебати по одредени проблеми, но и поддршка од локалната самоуправа за организирање на обуки, доколку има потреба од тоа. Особено е потребно да се вложува во човечките ресурси, во електронскиот систем на општината и примена на Закон за едношалтерски систем.

Од Одделението за економски развој во општина Битола, сумирано, наведуваат дека како главни потреби за развој на локалната економија, од приватниот сектор ја потенцираат потребата од поедноставување на законската регулатива за јавни набавки со општината, подобрување на целосната инфраструктура (патна, комунална) и развојот на сите индустриски зони во градот.

Од друга страна, Одделението за јавни набавки нагласува дека, законот по кој работат, како и подзаконските акти и прирачници, максимално се насочени кон олеснување во процесот на учество, посебно кон транспарентност на објавувањето на огласите за јавни набавки. Исто така, работите се поедноставени, односно намалени се трошоците за учество на малите и средни претпријатија. Со овие измени даден е придонес кон спроведување на директивите на ЕУ: усогласување на општите принципи на јавните набавки, регулирањето на јавните набавки во општиот сектор, во областите на социјалната политика, животната средина, малите и средни претпријатија. Приватниот сектор има можност да улествува во постапките за јавни набавки, да ги нуди своите стоки, услуги или работи. Исто така има можност за учество на приватниот сектор во концесиите и ЈПП. Стопанската комора има редовни состаноци со бизнис секторот и Бирото за јавни набавки и им помага на малите претпријатија, како и на здруженијата при формирање за задоволување на посебни услуги.

Годишниот план за јавни набавки е објавен на веб страната на општина Битола. Сите тендери кои што се објавени од страна на општина Битола се поставени на страницата за јавни набавки со линк на општинската веб страна која води до ЕСЈН. На отворањето на тендерските постапки, може да учествуваат сите пријавени страни.

Во општина Битола, односно Одделението за економски развој, нема обработка на податоци за тоа кои компании имаат побарување на работна сила, податок за тоа каков вид на работен кадар му е потребен на бизнис компаниите во градот, како и за понудата и побарувачката за обуки, наменети за компаниите. Потребно е подобрување на општинската веб страна во делот на информации за видот и бројот на

стопански субјекти, поставување линк кој води до некоја соодветна институција, како Регионалната стопанска комора итн, како и да се врши редовно ажурирање на информации за потенцијални извори на финансирање, донатори, програми, обуки и презентации. Општината нема електронски, или пишуван материјал за промоција на бизнис секторот, или пак за можностите кои што им се нудат на домашните и странските инвеститори.

Функционалната анализа која е во тек, треба да ги надмине недостатоците во одредени одделенија и сектори каде што тоа перспективно може да претставува проблем.

Градоначалникот на општината одржува редовни контакти со претставниците на бизнис секторот, во насока на подобрување на нивните барања. Формирањето на ЛЕСС во голема мерка ја доближува соработката и потребите на бизнис секторот и општината.

Општина Битола е прва општина во државата во однос на транспарентноста, според Центарот за граѓански комуникации, кој го објави редовниот годишен извештај за рангирањето на 98 институции во државата, според Индексот на активна транспарентност, односно според проактивното објавување на информации од јавен карактер.

***Активна транспарентност на општините од Пелагонискиот Регион***

| Ранг | Општина | Резултат |
|---|---|---|
| 1 | Битола | 97,1 % |
| 2 | Демир Хисар | 95,7 % |
| 3 | Прилеп | 82,9 % |
| 4 | Крушево | 77,1 % |
| 5 | Могила | 76,8 % |
| 6 | Новаци | 68,1 % |
| 7 | Ресен | 65,7 % |
| 8 | Долнени | 47,8 % |
| 9 | Кривогаштани | 46,4 % |

На веб страната на општината се поставени голем број податоци за општината, вклучувајќи го и буџетот, кој го има и во формат на отворени податоци. Советот на општина Битола има посебен дел, во кој се објавени сите податоци за седниците, дневниот ред, Службени гласници, комисии итн., а работата на Советот и сите општински комисии може да се следи во живо, преку општинскиот Youtube канал. Седниците на Советот се отворени за граѓаните, така што сите заинтересирани може да присуствуваат за време на работата на Советот.

Уредувањето на општинската веб страница, информирањето на јавноста и постапувањето по барањата за пристап до информации од јавен карактер, успешно се спроведуваат.

Општина Битола го доби и престижниот ELOGE сертификат, (ELOGE - Европска ознака за извонредност во управувањето), како резултат на високото ниво на усогласеност на општина Битола со 12 начела на Советот на Европа за добро демократско управување.

Посебен однос општината има кон еднаквите можности помеѓу жените и мажите - се грижи за жртвите од родово и семејно насилство, се грижи за економското јакнење на жените, за обезбедување еднаков пристап во образованието и во делот на социјалните услуги.

Општина Битола работи и на голем број меѓународни проекти. Сите проекти, нивната фаза, јавните набавки поврзани со нив, како и реализациите, се поставени на веб страната на општината.

**Битола**

Активната транспарентност на Општина Битола во 2022 година изнесува 97,1 % (од можни 100 %) со што општината се наоѓа во групата институции со 'многу добра' активна транспарентност (исполнување на обврските од 80 % до 100 %). Со овие бодови, општината се наоѓа на 3-та позиција од вкупно 98 рангирани институции. Оваа општина од Пелагонискиот Регион заедно со уште две општини се наоѓаат на врвот на табелата помеѓу општините. Таа се наоѓа во најдобрата група институции со многу добра активна транспарентност уште од почетокот на рангирањето во 2016 година до денес.






## 3.4 Пристап до финансии

Во општина Битола не постои единствена централна база на информации за целосната моменталната понуда на извори на финансирање за мали и средни бизниси, а истите во моментот се ограничени и недоволни.

Во интерес на развој на деловната заедница, како начини за искористување на фондовите, се наведуваат дел од расположливите можности:

- **Банки**

• Развојната банка, преку комерцијалните банки, овозможува финансиска поддршка на невработени лица кои се активни баратели на работа и правни субјеки кои редовно плаќаат даноци, во висина од 5.000 до 30.000 евра, што претставува мал износ на грантот, но сепак овозможува отпочнување на сопствен бизнис.

• Халк Банка АД Скопје (Еснаф кредит) за трговски претпријатија, приватни микро, мали претпријатија кои според законот за трговски друштва се правни лица, овозможува максимален износ до 300.000,00 МКД вкупна изложеност во банката, за оние кои покажуваат позитивни финансиски резултати во тековното работење. Халк Банка АД Скопје (KFW I, II, III кредитни линии) за клиентите кои се правни лица организирани во форма на 100% приватно друштво, со седиште и работа во државата и не вработуваат повеќе од 100 лица, овозможува до 300.000 евра. Ваквата поддршка можат да ја добијат занаетчии и физички лица, индивидуални претприемачи, семејни бизниси, самостојни вршители на дејност, додека сектори кои се исклучени од ваквата можност за финансирање се: производство и трговија на оружје или воена опрема, производство на алкохол, производство и трговија што вклучува загрозени видови, производство на тутун, активности поврзани со казина, шпекулации со валути, инвестирање и шпекулации со хартии од вредност од било која вид, купување и продавање на недвижности за шпекулативни цели и проекти со висок еколошки ризик.

• Прокредит Банка преку InnovFin гарантна шема, овозможува минимален износ на кредит од 30.000 €, до максимален 7.5 милиони € за мали и средни претпријатија до 500 вработени за финансирање на иновативни проекти. Банката, преку Гарантна шема поддржана од Фондот за гаранции на Западен Балкан, до 2028 година, овозможува минимален износ на кредит од 25.000 € до максимален износ од 500.000€, наменета е за мали и средни претпријатија до 250 вработени.

• Стопанска банка а.д. Битола - микрокредит за микробизнис, овозможува кредитирање од 300.000 - 600.000 денари за поддршка на мали претпријатија до 10 вработени лица, трговци поединци, новоформирани компании кои презентираат кус бизнис план и квалитетно обезбедување и друштва кои ќе обезбедат нови вработувања. Компаниите треба да се во 100% приватна сопственост.

Ова покажува дека, моменталната понуда на банките во општина Битола, дава пристап до финансиски ресурси за широк обем на дејности, а максималната сума која ја нудат банките е солидна, но не постои локална поддршка за пристап до финансиски ресурси во вид на субвенција на учеството за кредити или општинска гарантна шема.

На ниво на Пелагониски регион, постојат голем број на можности за финансирање и пристап до дополнителни извори на финансиски средства за потенцијалните инвеститори.

Бизнис Центарот во рамки на Центарот за развој на Пелагонискиот плански регион има за цел да им помогне и даде поддршка на компаниите од регионот при добивањето на информации за овие можности за финансирање. Бизнис Центарот нуди поддршка на компаниите од регионот при аплицирање за искористување на некоја од можностите за финансирање. Оваа поддршка се состои од информирање на компаниите за потенцијалните можности, подготовка на апликациони формулари, како и пишување на предлог проекти за искористување на постојни грантови и можности за финансирање.

- **Национални програми**

Националните програми за поддршка на малите и средни претпријатија, се застапени преку разни дејности: конкурентност, иновации, претприемништво, земјоделство и рурален развој и друго. Истите, главно се реализираат преку јавни повици на:

- Министерството за економија,
- Министерството за финансии,
- Законот за финансиска поддршка на инвестиции,
- Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот,
- Фондот за иновации и технолошки развој,
- Агенцијата за финансиска поддршка на земјоделството и руралниот развој,
- Програмата за самовработување,
- Развојната банка и другите банки.

- **Европски и други меѓународни фондови**

Други можности, за пристап до финансии се овозможени од европските банки:

- Европската банка за обнова и развој, WEBSEFF – Одржлива институција за финансирање на Западен Балкан,
- GEFF Кредити за финансирање на зелената економија,
- Европската инвестициона банка - EIB.

Европските фондови, исто така даваат можност за пристап до финансии, зависно од програмата, компонентата и приоритетната мерка. Дел од можностите во овие фондови произлегуваат од: ПРОЕКТОТ ЗА ЛОКАЛНА И РЕГИОНАЛНА КОНКУРЕНТНОСТ – ПЛРК, ХОРИЗОНТ 2020, КОСМЕ, ПРОГРЕС +, Лајф +, ИПА Програмата.

Можности за дополнителен пристап до финансии, даваат и меѓународните донаторски организации, како:

- Програмата за развој на Обединетите Нации – УНДП,
- Германското друштво за меѓународна соработка - ГИЗ,
- SWG – Постојана работна група за регионален рурален развој во Југоисточна Европа,
- Агенцијата за меѓународен развој на САД – УСАИД преку големиот број на програми, мерки и проекти,
- Швајцарска агенција за развој и соработка (SDC).

Тоа што општината е важно да го направи во следниот период, е да обезбеди пристап до сите информации за искористување на финансиските можности за заинтересираните субјекти, да ја зголеми комуникацијата со бизнис заедницата и да овозможи нејзина советодавна поддршка во случаите кога тоа е потребно.

Од спроведените истражувања, може да се констатира дека во делот на пристапот за финансии, до периодот пред појавата на кризата во Украина, забележано е значајно подобрување во делот на постоењето на потенцијални финансиски ресурси за развој на одредени бизниси, но во последно време повторно се појавува застој. Дел од поголемите фирми во Битола, сметаат дека до 2021 година, банкарските кредити беа поповолни и нудеа подобри можности. Во периодот 2022/2023 преовладува мислењето дека кредитите се неповолни, особено во делот на обезбедувањето на истите и каматните стапки. Како еден од недостатоците ја наведуваат недоволната информираност со финансиски

информации на помалите фирми на локално ниво, во споредба со достапноста на информации во главниот град. Можностите за искористување на странските фондови, бизнис секторот ги оценува како многу добри, до степен на генерирање на брз развој на многу компании. Сепак сметаат дека во овој дел постои неконзистентност и празни периоди[3].

## 3.5 Земјиште и инфраструктура

Општина Битола, има идентификувано неискористено градежно земјиште, за кое е изготвена потребната документација и неопходните инфраструктурни можности за деловен напредок.

Во овој дел, формирана е Индустриска зона „Жабени", која е единствена во државата, под ингеренции на локалната самоуправа. Во зоната, од 2013 година, успешно работи германската компанија од автомобилската индустрија, „Кромберг и Шуберт", каде на почетокот на 2023 година, бројот на вработени изнесува 5300 лица.

Имајќи го предвид наведеното, како и дополнителните можности кои ги има општина Битола во однос на расположливото земјиште, постојат добри можности за нови инвестиции, но сеуште потребна е дополнителна изградба на инфраструктура.

Постоењето на ЈП ИЗ Жабени е една од силните страни на општината, а неговото силно ставање во функција на унапредување на локалниот економски развој е еден од поголемите предизвици и можности. Во поглед на ИЗ Жабени, општината мора да пронајде механизми и начини да се подобри инфраструктурата, зашто привлекувањето на нови инвеститори во голем процент или најмногу зависи од овој факт. Од, друга страна, ова е единствената шанса преку нови инвеститори да се обезбедат нови работни места. Како проблем се наведуваат, во однос на привлекувањето инвестиции, покрај незавршената инфраструктура во зоната и локалната патна инфраструктура, пругата Битола-Лерин-Солун, но и отсуството на воспоставена соработка со пограничниот регион со Грција.

---

[3] Извор на информации: АД Стопанска банка Битола (Податоци обезбедени од Претседател на ЛЕСС – претставник на организација на работодавачи – директор на банката)
Центар за вработување - Битола
Центар за развој на Пелагонискиот плански регион
Државни органи - министерства

Покрај Индустриската зона „Жабени" и просторот на поранешната касарна (слободните парцели во ИЗ Жабени и поранешната Касарна – АРМ со нивната намена достапни во делот Прилози), како локации во општината, посебно значајни се: Старата Индустриска зона, дел од населба Довлеџик, каде веќе постојат повеќе фирми од мало стопанство, но и Старата битолска чаршија, која неопходно е да заживее.

Во Старата Индустриска зона, на улица Индустриска (Бурса), регистрирани се голем број фирми. Во овој дел евидентирана е потребата на бизнис секторот за подобрување на патната инфраструктура, односно реконструкција на улица Индустриска (улица Бурса). Ова значително ќе го подобри работењето на фирмите кои функционираат во овој дел на градот.

Во населба Довлеџик, потребно е исто така значително подобрување на инфраструктурата, за подобро функционирање на малото стопанство, промоција на зоната и создавање можности за нови инвестиции.

Во 2022 година се забележуваат напори од локалната самоуправа за подобрувањето на културната понуда и културните настани, што директно влијае на угостителскиот сектор и хотелиерството. Овде, треба да се напомене, дека општина Битола, како град со богата културна традиција, мора сериозно да ја вклучи културата во подобрувањето на својот економски развој.

Што се однесува на просторните можности, постојното ниво на понуда за заеднички работен простор, во моментот се заснова на постоење на Битола Старт Ап центар, без негова искористеност и Програма за стартапи: „И од Битола се можи" – реализирана од Фондацијата „Преда Плус". Анализите потврдуваат дека, во идниот период, потребна е Континуирана стартап програма и акцелерација на стаpатапи, преку континуирана активност на Бизнис старт ап центар и негова одржливост.

Од страна на приватниот сектор како приватна иницијатива, функционираат 2 заеднички простори за микро фирми и трговци поединци (co-working space), што во идниот период ја наметнува потребата од коливинг.

Како индикативна - идна потреба, се потенцира основањето на фаб лабови (истражувачки лаборатории, каде со посебна апаратура ќе се вршат испитувања на технологии за развој на идни бизниси и производствени дејности), како и формирање на технолошки парк во соработка со Универзитетот.

Како главни недостатоци, за искористување на земјиште и инфраструктура се наведуваат: бавни процедури и немање стратегија за локален економски развој на општината, немање на одделение за проекти во општината и работно место советник за мали и средни претпријатија и претприемништво, стар ГУП од 1999 година, немање комплетен каталог на општински имот.

Како потреби на инвеститорите, се наведуваат потребата од: донесување нови или изменување на постојните детални урбанистички планови, особено на донесување детални урбанистички планови за површините во опфатот на ГУП на град Битола за кои нема донесено ДУП; да се почитуваат законските рокови и одредби за издавање на изводи од план и за одобренија за градење, особено за инвеститорите

кои купиле градежно земјиште во државна сопственост во постапка за отуѓување со јавно наддавање и да се почитуваат законските рокови во постапките за отуѓување на градежно земјиште во државна сопственост со непосредна спогодба за оформување на градежни парцели.

Како позитивна страна, се наведува, добрата волја на локалната самоуправа за надминување на проблемите, подготовката на Стратегија за локален економски развој и отпочнатата постапка за изработка на ГУП.

## 3.6 Регулаторна и институционална рамка

Најголемите проблеми на кои се жали бизнис секторот во однос на регулаторната и институционалната рамка се однесуваат на долгите бирократски процеси и административни бариери кои го попречуваат брзото и навремено постапување. Недостатокот на дигитализирани услуги во сите институции го нагласуваат како еден од сериозните проблеми.

Затоа потенцираат дека неопходно е усогласување на системите за работа, со посебен акцент на посебен дел во сите институции за грижа на клиентите (“customer care”) за компаниите од поголем обем.

Поради тоа, компаниите, бараат локалната самоуправа да овозможи поддршка за адресирање на предлозите до централна власт за промена на Закони и Законски регулативи, кои што ќе го олеснат функционирањето на бизнис секторот. Во овој контекст, посебно го нагласуваат отсуството на хармонизирана законска регулатива.

Исто така, нагласуваат дека неопходна е организација на отворени денови помеѓу институциите и бизнис секторот.

Потребно е поедноставување и забрзување на процедурите при добивање било каков документ од локалните институции, како и поевтинување на услугите од локална самоуправа и совесна и

одговорна работа на инспекциските служби.

| **Главни предизвици од областа на регулативата (според приватниот сектор)** | **Големо/мало негативно влијание** | **Јавна институција која е надлежна** | **Обем на локално решавање на проблемот** (Што може да се направи на локално ниво за да се реши проблемот?) |
|---|---|---|---|
| *Непостоење на дигитално достапни јавни услуги* | *Големо* | *Општина* | *Дигитализација на јавните услуги во надлежност на општината* |
| *Несоодветни начини на функционирање на системите во администрација кои никако не се прилагодени за компанија во голем обем* | *Големо* | *ФЗО, Општина, други институции* | Промена на Законски регулативи што треба да дојде и од Општинска Власт, прилагодување и дигитализација на системи за работа. Усолгасување на системи за работа, посебен дел во сите инситуции за "customer care" за компании од поголем обем. Давање на предлози кон Централна Власт за промена на Закони и Законски регулативи што се во корист на бизнис секторот од Општината<br>Правење и градење на заеднички средби на локалните инситуции со компаниите (Пример отворени денови за соработка помеѓу АВРМ и Бизнис сектор, или ФЗО и слично). |
| *Одобрение за градење* | *Големо* | *Општина, МТВ* | *Меѓуинституционална координираност, скратување на постапките и навремена комуникација со подносителите на барања* |
| *Електронска можност за плаќање на обрските кон општината – (административни такси и данок на имот)* | *Големо* | *Општина* | *Воведување електронски систем за данок на имот* |

Табела 3: Главни предизвици од областа на регулативата (според приватниот сектор)

### 3.7 Вештини и човечки ресурси, инклузивност

Битола не е само еден од најголемите индустриски, економски, политички, културни и спортски центри, туку и современ образовен центар, почнувајќи од предучилишното, основното, средното до високото образование

Сепак и покрај разновидните понудени образовни програми кај стопанските субјекти во општината, а тоа е најизразено и преку најголемата инвестиција Kromberg & Schubert, недостига ниско квалификуван работен кадар (општи работници) како и занимања на ниво на занаети (шврајцер, бравар, леар, дреар, кувар, возач Д категорија, работник со ЦНЦ машини, текстилни работници итн.)

Компаниите кои делуваат во ИТ секторот, се соочуваат првенствено со недостиг на ИТ техничари и воопшто ИТ високо квалификуван кадар, но на пазарот на трудот недостиг има и од професори по хемија, физика, математика, дипломирани педагози.

Општина Битола се соочува со појава на јаз на пазарот на труд според образование и занимање, оособено кај високото образование. На секој побаран работник со високо образование од компаниите за Пелагонискиот регион, општина Битола има 2,5 невработени лица, за средно и за вишо образование овој соодност е 1,8, а за основно е најмал 1,6[4]. Генералниот заклучок е дека суфицитарен јаз се појавува кај занимањата со високи вештини, особено кај општествени и образовни занимања, додека кај занимањата со средни и со ниски вештини доминира дефицитарен јаз, со недостиг од работници со средно образование за различни занимања. Јазот според образование е најзастапен. Оттаму, занимањата се соодветни, но потребна е доквалификација. Освен јазот од аспект на формално образование, квалитетот на образование и здобиените вештини се, исто така, значајни. Обуките понудени од образовниот систем не соодветствуваат со потребите на компаниите[5] а на учениците им недостасуваат и соодветни практични вештини според здобиената диплома. Образовното профилирање се јавува како значаен фактор за надминување или засилување на јазовите.

Во општина Битола има седум средни училишта, 15 високообразовни институции и еден центар за доквалификација и за преквалификација. Се очекува овие институции во следните две години да продуцираат 3.194 профилирани кадри на пазарот на труд. 84 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања: техничари и асистенти во здравство; бизнис и административни стручњаци; правни и општествени науки; помошни стручњаци за наука и за инженеринг и лица со завршено гимназиско образование, кои се класифицирани како без занимање. Општина Битола, значи има воспоставена образовна инфраструктура за продуцирање профилирана работна сила, особено високообразовни и стручни профили во повеќе области, но центрите за доквалификација и за преквалификација се релативно малку застапени и недостига стимулација за развој на програми што ќе помогнат да се продуцираат кадри во дефицитарните занимања,

---

[4] извор: Агенција за вработување на Република Северна Македонија - Дијагностика на општинските пазари на труд во Северна Македонија - https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/09/Zbirka-na-analiticki-izvestai-1.pdf

[5] https://dijalogkoneu.mk/wp Невработеноста кај младите во Северна Македонија

особено кај занимањата со ниски вештини. Согласно сите овие анализи УКЛО може да организира кратки наменски курсеви за преквалификација или доквалификација на лица со универзитетско образование според интересот на граѓаните, деловната заедница и општината. Во оваа насока е и Универзитетското летно практиканство, како можност за вклучување на студенти од УКЛО во обавување практична работа во одделните сектори на општина Битола и локалните институции. Целта е преку практичната работа, студентите да ги подобрат своите компетенции за вработување, со што би биле поконкурентни на пазарот на трудот.

Битола е лидер во создавањето еднакви можности за жените и мажите. Едно од најважните прашања во борбата за еднакви можности е прашањето за економска независност и самостојност на жената. Како резултат на традиционално добрата соработка со UN WOMEN, повеќе од дваесеттина жени оваа година упешно ги завршија обуките за развој на вештини за вработување, за развој на претприемнички и менаџерски вештини, за дигитален маркетинг и за развој на бизнис идеја и бизнис план. Обуките ги реализираше CEED. Општина Битола и во 2023 година предвидува и директна поддршка за развој на женското претприемништво, а ќе формира и Локален совет за женско претприемништво.

За подобро усогласување на понудата со побарувачката на пазарот на трудот, недостасува поинтензивна взаемна соработка на општината, деловната заедница со АВРСМ и МОН, во насока на дизајнирање активни мерки за вработување за невработените активни баратели на работа во општина Битола. Недостасува и практикување на општокорисна работа со различни потребни вештини за лицата што се класирани во занимања и работа со потребни ниски вештини за лица без занимање (одржување хигиена во општината, собирање смет, собирање масивен отпад за рециклирање и слично)[6]. Општина Битола практикува и овозможување работен ангажман за лицата со високи вештини од суфицитарните занимања (преку поддршка во учењето на ученици од ранлива категорија граѓани, поддршка во училиштата - образовни и лични асистенти), но и тој процес има потреба од интензивирање и поголема подршка од МТСП).

Идентификувана е потреба образовните институции, во соработка со МОН, да работат на промена на образовните програми и профили и на воспоставување програми со дефицитарните занимања, соодветни на потребите на пазарот на трудот и континуирано да се посветат на зголемување на атрактивноста и квотите за нив. Потребно е синхронизирано дејствување помеѓу Центрите за квалификација и за преквалификација, АВРСМ, Центарот за вработување, Деловната заедница и општината, во изработката и реализацијата на прецизен инклузивен Акциски план, кој што ќе биде со мерливи индикатори, ефективен и ефикасен[7].

---

[6] општина Битола го прави тоа, но со мал број вклучени лица (дваесеттина)

[7] *Извор:*

*- https://www.financethink.mk/wp-content/uploads/2021/09/Zbirka-na-analiticki-izvestai-1.pdf, Агенција за вработување на Република Северна Македонија,*

*- Дијагностика на општинските пазари на труд во Северна Македонија*

### 3.8 Надворешно позиционирање и маркетинг

Многу важни елементи во контекстот на економскиот развој на општината се и  надворешното позиционирање и маркетинг. Во овој дел за среќа, општина како што е Битола има одлични факти, врз кои може, да ги постави основите за сопственото позиционирање и основата на маркетингшкото претставување.

Една општина за да биде атрактивна за инвестирање, ако сите се согласиме дека инвестициите се еден од најважните предуслови за економски развој и отворањето нови работни места, треба да понуди актрактивна приказна, во која ќе се профилира како единствена, предизвикувачка, уникатна и посебна.

Ако почнеме од фактот дека Битола има околу четиринаесетвековна урбана традиција, во овој дел работата и не е многу тешка. Овде не можеме да ги одминеме уште неколку факти: голем број археолошки арте факти го потврдуваат присуството на животот на овие простори уште во времето на неолитот, бронзениот и железниот период, а Хераклеа Линкестис, античкиот град, чиј што основач е Филип II во 349 год. п.н.е, ги потврдуваат македонско - хеленистичките релации, а и врските со римскиот период. Битола на патот VIA EGNATIA отсекогаш била спој на Истокот и Западот, овде на овие простори се вкрстувале цивилизациите и се граделе и нови и културолошки и цивилизациски вредности. И во перидот на Отоманското царство Битола имала стратешка позиција, како воен, политички, административен и културен центар.

Битола уште во XIX век, станува конзулски град, со тоа што многу од евроооските замји пројавуваат интерес за отворање на конзуларни претставништва и агенции. За Битола уште, покрај „град на конзулите го носи и епитетот „најопеан град", а Широк Сокак е најубавата и најголемата пешачка улица на Балканот.

Сите овие факти и денес Битола ја лоцираат како најзначаен административен, културен, универзитетски и економски центар.

---

- *https://dijalogkoneu.mk/wp, Невработеноста кај младите во Северна Македонија*
- *Анализа*

Значи, општина Битола[8] има многу поволна геостратешката[9] и административна[10] положба во регионот, тоа го покажа и SWOT - анализата како една од нејзините најсилни страни. Битола ја има ИЗ Жабени преку ЈПИЗЖ, во Битола е седиштето на Регионалната стопанска комора (РСК) и тоа се се перцепира како предност за економскиот развој на општината, но мислењата се поделени, бидејќи се констатира сознанието, дека тоа нема значајно влијание. Постоењето на РСК, претставува можност за градење на механизми меѓу општина Битола и РСК, во насока на унапредување на локалниот економски развој, преку развојот и поддршката на индивидуалните стопански субјекти. Отсуството на добра оценка за поволна бизнис клима и зголемување на на странските инвестиции, како услов за поттикнување на економскиот развој на општина Битола, во најголема мера се должи на фактори кои можат да бидат сместени во две подрачја:

[8]

| **Површина** | **км2** |
|---|---|
| Град Битола | **26,37 км2** |
| 65 села | **768,16 км2** |
| општина Битола | **794,53 км2** |

*Табела 4: Вкупна површина на која се протега општина Битола*

[9] Битола е најголемиот градски центар во плодната и најголемата македонска котлина Пелагонија и влегува во категоријата најголеми градови во државата. Градот Битола се наоѓа во крајниот југозападен дел, во подножјето на планината Баба со врвот Пелистер (2601 м) непосредно до грчката граница која е оддалечена 15 км. Битола на север е опколена од четири поврзани ридови, со височина од 640 до 890 м, наречени Баир, кои се дел од Облаковско-снеговската планина (1430 м). Од југ, градот е заграден со ридот Тумбе Кафе, со височина од 744 метри кој е огранок на повисокиот планински локалитет Неолица, а таа пак е дел од пространата Баба Планина. Кон исток, Битола е широко отворена кон котлинското дно на Пелагонија, а кон запад, кон флувиоглацијалните наноси на реката Драгор, широката ѓаватска преграбенска долина и високиот Пелистер. Теренот на кој лежи Битола е наведнат од 715 до 585 метри, од запад кон исток, односно од Пелистер и Баба Планина кон пелагониската котлина, и тоа од 710 до 590 метри со што градот има средна надморска височина од 650 метри. Овие разлики во височините битно влијаат на изгледот на градот и структурата на градскиот пејсаж. Од една страна градот е сместен на рамничарскиот предел, а од друга страна на ридско земјиште и плавински материјал. Битола се наоѓа во зона каде се допираат две различни полјоделски целини, полјоделско-градинарска на исток, североисток и југоисток и овоштарско-градинарска и сточарска зона на запад и југозапад. Градот Битола се протега на следните координати: од 210 18’20” до 210 22’11” источно до Гриничкиот меридијан (ИГД) и од 41° 00’00” до 41°03’20” северно од Екваторот (СГШ)

[10] Административно гледано, градот Битола е седиште на Општината Битола, но и главен регионален центар за југозападниот регион на Република Македонија, Универзитетски центар со сите постојни факултети, развиена воспитно - образовна мрежа, град со конзуларни претставништва, музеј, безбројни кафулиња, ресторани итн. и со особено богата културно - историска традиција.

- првото / се однесува на генералната лоша економска состојба во државата и светската економска и енергетска криза

- второто во непостоењето анализа на условите за инвестирње, непостоењето на конкретни предлози, немањето стратегија за промоција и привлекување на инвестиции, немањето база на податоци за целни компании, немањето обезбедени услуги за инвеститорите, промоција, немањето посебна стратегија и механизми за подобрување на имиџот на општина Битола како локација актрактивна за инвестирање и генерирање на инвестициски можности.

Како проблем се наведуваат, во однос на привлекувањето инвестиции, покрај незавршената инфраструктура во ИЗ Жабени и локалната и регионалната патна инфраструктура, пругата Битола-Лерин-Солун, но и отсуството на воспоставена соработка со пограничниот регион со Грција. И показателите во однос на подобрувањето на туристичката и културната понуда, како од значајни параметри за поттикнување на локалниот економски развој, укажуваат дека на општина Битола и недостасува стратешки пристап при подобрување на туристичката понуда и искористување на туризмот, во сите негови форми и видови, за подобрување на економскиот развој. Последнава година се забележуваат напори од локалната самоуправа за подобрувањето на културната понуда и културните настани. Високи 90,5% од испитаниците, ја сметаат општината за потенцијален медиум кој ќе ги поврзува и вмрежува инвеститорите, а само 9,5% не се согласуваат со оваа констатација[11].

[11] Извори: спроведена анкета, анализа

## 4. Табела 5: Анализа на силна страни, слаби страни, можности и закани (SWOT)

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
|---|---|
| ➢ **Поволна геостратешка положба** – оддалеченост од ЕУ 16 км<br>➢ **Објекти и земјиште на повеќе локации со можности за нови инвестиции**<br>➢ **Услови за инвестиции во Индустриска зона „Жабени"**<br>➢ **Активни субјекти од бизнис секторот**<br>Автомобилска индустрија<br>Земјоделство<br>Преработувачка индустрија<br>ИТ<br>Трговија<br>➢ **Природни ресурси** за енергетско искористување (фотоволтаици, биомаса, вода) Студиите наведуваат 240 сончеви денови во општината, а за биомаса се располага со отпадоци од земјоделие, отпадоци од сточарство, (Пелагонија) отпадоци од шуми (Пелистер)<br>➢ **Поволни климатски услови** за одредени земјоделски култури (постојни и нови) и развој на пчеларство<br>Раноградинарски<br>Тутун<br>Пченица<br>Јаболка<br>➢ **Систем на топлификација и гасификација**<br>➢ **Пречистителна станица и колекторски систем**<br>➢ **Бизнис старт ап центар** е првото локално партнерство за вработување кое се спроведе во рамките на проектот на Меѓународната организација на трудот, Зајакнување на социјалниот дијалог, со финасиска поддршка од Европска унија, а Општина Битола беше единствена општина, избрана помеѓу 12 апликации од различни општини<br>➢ **Универзитетски центар:** Во рамките на Универзитетот „Свети Климент Охридски", работат 11 факултети и тоа: Технички факултет – | ➢ Недоволно изградена бизнис и застарена патна инфраструктура<br>➢ Слаба промоција и отсуство на проактивен однос на ЈП ИЗ Жабени во однос на привлекување нови инвестиции<br>➢ Слаб интерес за претприемништво и отпочнување на мали бизниси<br>➢ Долги и бавни бирократски процедури<br>➢ Недоволна примена на начини и механизми на соработка помеѓу општината и бизнис секторот<br>➢ Недостаток на каталог на општински имот - неподготвена документација (парцели кои што можат да бидат ставени на располагање за фотоволтаици во општинска и државна сопственост)<br>➢ Несоодветна понуда на работен кадар - 84 проценти од вкупната понуда на образовни профили е во пет занимања што придонесува за продуцирање кадри со суфицитарни занимања<br>➢ Недостиг на нискоквалификуван работен кадар (општи работници) како и<br>занимања на ниво на занаети (швајцер, бравар, леар, дреар, кувар, возач Д категорија, работник со CNC машини, текстилни работници итн.)<br>➢ Недостиг на ИТ техничари и ИТ високо квалификуван кадар<br>➢ Недостиг на професори по хемија, физика, математика, дипломирани педагози<br>➢ Долг процес и неефективна реализација на процесот на топлификација кој е започнат во 2015, |

| СИЛНИ СТРАНИ | СЛАБИ СТРАНИ |
| --- | --- |
| Битола, Факултет за информатички и комуникациски студии – Битола, Технолошко – технички факултет – Велес, Економски факултет – Прилеп, Факултет за туризам и угостителство Охрид, Педагошки факултет – Битола, Факултет за безбедност – Скопје, Правен факултет – Кичево, Факултет за биотехнички науки – Битола, Ветеринарен факултет Битола, Висока медицинска школа – Битола.<br>➢ **7 стручни училишта** со широка понуда на образовни профили<br>➢ **Квалификувана работна сила**<br>➢ **Соработка УКЛО, ГО и ЦРППР**<br>➢ **Пристап до разновидни обуки** понудени од образовниот систем за стекнување со соодветни практични вештини<br>➢ **Отворена и транспарентна општина** според истражувањето на Центарот за граѓански комуникации, објавено во август 2022 година<br>➢ **Европска ознака за извонредност во управувањето со исполнетост на 12 начела на Советот на Европа за добро управување**, доделена од Европската асоцијација за локална демократија - АЛДА<br>➢ **Формиран Локален совет за женско претприемништво** и Клуб на жени претприемнички<br>➢ **Природни услови** за развој на туризмот<br>➢ **Културно наследство и традиционални манифестации** (Фестивал Браќа Манаки, Илинденски денови, Бит Фест, Фестивал на музика од светот, Интерфест, Фестивал на монодрама, Битола Шекспир фестивал и други)<br>➢ **Голем туристички потенцијал** (НП Пелистер, Хераклеја, стари цркви, џамии, манастири, Широк сокак, Стара чаршија, стари музејски експонати – Битолската плоча која датира од 11 век што е доказ за споменувањето на името Битола уште од тој период)<br>➢ **Вмреженост и иновативност** за промоција на културното наследство, традиционалните манифестации и фестивали | а предвидено граѓаните да добијат топлинска енергија во грејната 2018-2019 година. Првите количини на гас во РЕК Битола беа предвидени да се рализираат во втора половина на 2020 година.<br>➢ Нефункционалност на колекторскиот систем на Пелистер<br>➢ Миграција село-град,<br>➢ Недостаток на  анализи за планирање соодветно земјоделско производство<br>➢ Ограничени сместувачки капацитети и недоволна искористеност на Националниот парк<br>➢ Недоволна грижа и промоција на културното наследство и неискористеност во делот на економски развој |

| МОЖНОСТИ | ЗАКАНИ |
|---|---|
| ➢ Пристап до државни, ЕУ, меѓународни, ИПАРД програми, програми за рурален развој и други фондови, инвеститори и донатори<br>➢ Растечки тренд на интерес за инвестирање<br>➢ Развој на ИТ технологијата која овозможува дигитализација на услугите<br>➢ Родова сензитивен буџет и развој на женско претприемништво<br>➢ Погодна законска регулатива за формирање ЈПП, бизнис асоцијации, меѓуопштинска и регионална соработка (ГИЗ, ИПА,SIDA итн.)<br>➢ Пристап до центри за преквалификација и доквалификација на работната сила според потребите на бизнис секторот – ова е силна страна<br>➢ Гасоводна и топловодна мрежа и систем за греење<br>➢ Генерално растечки тренд на зголемување на свеста за заштита на животната средина и развој на еко туризмот | ➢ Сложена постапка за експропријација<br>Неповолна законска регулатива во повеќе области (со посебен акцент на Закон за прогласување на дел од Планината Пелистер за национален парк, Закон за старо градско јадро)<br>➢ Политички промени – промена на владеачки структури со различни приоритети.<br>➢ Традиционален пристап на другите институции на национално ниво -неподготвеност на другите институции за дигитализација на услугите<br>➢ Економска и енергетска криза и недостиг на иницијатива<br>➢ Сложен процес на усогласување на образовните институции од централно и локално ниво и Деловната заедница<br>➢ Миграција на работна сила од државата<br>➢ Долги законски комплицирани постапки за промена на образовните профили и воведување нови, долг процес за промена на наставните програми, кои вклучуваат не само теоретска, туку и практична настава за стекнување вештини<br>➢ Промена на климатски услови на глобално ниво<br>➢ Пасивност на институциите од централна надлежност (култура, образование, транспорт и врски, економија, животна средина, МИОА, локална самоуправа) |

# 5. Визија и стартешки цели

## Визија и цели

Визијата на Општина Битола е: Економски силна општина, со поволна бизнис клима и оптимални инвестициски можности, атрактивна културно - туристичка дестинација, општина со имплементирани зелени и енергетски ефикасни решенија и развиена инфраструктура.

Стратешки цели

1. Развиена инфраструктура во функција на чиста животна средина и економски развој на општината
2. Поволна бизнис клима, нови инвестиции и нови работни места
3. Препознатлива културно - туристичка дестинација

## 6. Акциски план

Заради остварување на стратешките цели на општина Битола, идентификувани се следните 33 активности, дадени во табелата подолу.

Секоја од активностите е поврзана со соодветна стратешка цел кон која придонесува (колона 2), како и со соодветниот градежен блок, според методологијата на ЛЕР стратегијата (колона 1). Покрај тоа, во акцискиот план дадени се предвидените активности, нивното очекувано времетраење, очекуваните резултати (колона 7) и индикатори за мерење на реализираните активности, односно мониторинг индикатори (колона 8).

| ***Градежни блокови*** | ***Клучни (стратешки) цели*** | ***Активности/проектни идеи*** | ***Времетраење (почеток/крај)*** | ***Вклучени партнери*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Резултати (директни (outputs))*** | ***Мониторинг индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. Земјиште и инфраструктура<br><br>2.Локална соработка и вмрежување<br><br>3.Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција<br><br>4. Надворешно позиционирање и маркетинг | **1.Развиена инфраструктура во функција на чиста животна средина и економскиот развој на општината** | 1.1 Реконструкција на улица Индустриска (Бурса) | 2023 - 2024 | Општина Битола/Влада на РСМ – Светска банка | 51.473.785 денари | Подобра инфраструктура во Старата индустриска зона, каде што работат поголем број бизниси | Реконструирани 2,4 км од улицата |
| | | 1.2 Воведување на централен топлински систем - Топлификација на Битола, Новаци и Могила | 2022 - проектиран почеток на функционирање на системот е 2026 | АД Електрани на Северна Македонија / општина Битола | 2.829.000.000 денари | Спроведено парно греење од топловодот за 36 објекти во Битола | Замена на користење на електрична енергија за греење, намалување на емисиите од согорување на огревно дрво, масло за домаќинства и јаглен во печките на јавните објекти, Sox, NOx, CO за X % и др. |
| | | 1.3 *Изградба на* Колекторски систем и пречистителна станица во Национален парк Пелистер | 2023 - 2025 | *Пелагониски плански регион / Општина Битола* | 14.705.673 денари | Воспоставен колекторски систем и пречистителна станица | Пречистени отпадни води од хотел Молика, Детското одморалиште на Пелистер и останати објекти во близина |
| | | 1.4 Изградба на пречистителна станица и реконструкција и надградба на | 2023 - 2025 | Министерство за животна средина и просторно планирање / | 1.709.700.000 денари | Изградена пречистителна станица со капацитет од 112.000 жители и реконструкција на | Решавање на проблемот со отпадните води кои во моментот се испуштаат во реката Драгор и Петтиот канал, како и излевањето на |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | канализационата мрежа во Општина Битола | | Општина Битола, Министерство за финансии (ЦФЦД) | | канализационен систем во должина од 20 км, поврзан со пречистителната станица | канализацијата на повеќе локации во градот Целосно задоволување на побарувачката на висок квалитет на водата, зачувување на постојните водни ресурси преку сеопфатност на водоводната мрежа, заштита на животната средина, поврзување на вкупното население и бизниси со канализационата мрежа, третман на вкупната количина на отпадни води во пречистителна станица за отпадни води, што ќе резултира во согласност со барањата и условите утврдени во македонското законодавство и ЕУ. |
| | | 1.5 Гасификација на општина Битола (проектна документација и изградба на секундарна мрежа од 25 км) | 2020 – 2026 | Влада на РСМ/ Општина Битола – изградба на секундарна мрежа | 619.912.000 денари | Изработена проектна документација како основа за изградба на секундарна мрежа Изградба на над 3 километри гасоводна мрежа во вредност од околу 500.000 евра | Усвоена проектна документација. Изградена секундарна гасоводна мрежа. |
| | | 1.6 Изготвување на Програма за енергетска ефикасност на општина Битола | 2023-2025 | Општина Битола | 300.000 денари | Создадена Програма за ЕЕ со база на податоци (преглед) на енергетската ефикасност на објектите на општина Битола и | Усвоена програма Развиена инфраструктура во функција на чиста животна средина и економски развој на општината |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | препорачани цели за подобрување на енергетската ефикаснoст | |
| | | 1.7 Реализација на Енергетски проекти за фасади на објекти во сопственост на општина Битола | 2022-2025 | Општина Битола | 500.000 денари | Реконструирани надворешните фасади на училишта, градинки и други јавни објекти во општина Битола | 10 објекти со реконструирани надворешни фасади<br><br>Зголемена безбедност и сигурност на објектите, заштеда на електрична енергија (од 20%-30%), современ изглед на објектите |
| | | 1.8 Поставување на фотоволтаици на училишта и објекти во општина Битола | 2023-2026 | Министерство за образование и наука / Општина Битола | 12.450.000 денари | Производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија | Поставени фотоволтаици на 10 објекти<br>Заштеда на електрична енергија, заштита на животната средина, намалување на емисија на штетни гасови |
| | | 1.9 Доизградба на инфраструктура во ИЗ Жабени | 2025 - континуирано | Донатори и фондови | | Изработка на проектна документација за реконструкција на патишта и зголемување на капацитетот на пречистителната станица | Изработена проектна документација |
| | | 1.10<br>Изградба и реконструкција на патната инфраструктура во урбаниот и руралниот дел на | 2023 - 2026 | Општина Битола/ МЖСПП, Агенција за рурален развој, МТВ, Меѓународни | | Изграден пат<br>Подобра инфраструктурна поврзаност | Реконструирани над 50 км, подобра инфраструктурна поврзаност ,намалени трошоци, почиста животна средина |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | општината во должина над 50 км | | фондови/други извори на финансирање | | | |
| | | 1.11 Изработка на проектна документација и изградба на нов јавен систем за водоснабдување задовод на чиста вода за пиење во селата Трново и Магарево како можност за развој на руралниот туризам во Потпелистерските села | 2024 - 2028 | Општина Битола / Здруженија на граѓани, Меѓународни фондови | 62.000.000,00 | Обезбедување на санитарно исправна и регулирана вода за пиење, со што значително ќе се подобрат основните услови за живот<br><br>Подобрени услови за привлекување на нови инвестиции | -Изработена проектна документација<br>-Изграден нов јавен систем за водоснабдување<br>-Исполнување на меѓународната Цел за Одржлив Развој 6 на Обединетите Нации за Чиста вода и Санитација<br>-Број на корисници на чиста вода за пиење (санитарно исправна и регулирана вода за пиење за околу 400 домаќинства, со што значително се подобрени нивните основни услови за живот<br>-Зголемен интерес за изградба на нови станбени и викенд објекти во с. Магарево и с. Трново<br>-Зголемување на сместувачките капацитети и туристичката понуда во потпелистериeто како резултат на подобрување на основните услови за живот<br>-Зголемен број на посетители во потпелистерските |

| ***Градежни блокови*** | ***Клучни (стратешки) цели*** | ***Активности/проектни идеи*** | ***Времетраење (почеток/крај)*** | ***Вклучени партнери*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Резултати (директни (outputs))*** | ***Мониторинг индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 1.12 Доизградба на Довлеџик – мало стопанство | 2024 -2026 | Општина Битола | Околу 1.000.000 денари | Изградба на инфраструктура, во соработка со јавно-приватно партнерство. Изградба на најмалку 10 објекти во служба на туризмот, или мали компании | Изградена зона со над 30 објекти.<br><br>Економски развој, раст на бројот на мали бизниси, зголемен број на туристи |
| | | 1.13 Проект „Енергетски ефикасни домови“ | 2023 | Опшина Битола | 3.000.000 денари | Реконструкција на фасади на 10 колективни станбени згради | Подобрена енергетска ефикасност на 10 колективни станбени објекти Зголемена енергетска ефикасност (20%-30%), заштеда на електрична енергија, заштита на животна средина |
| 1. Земјиште и инфраструктура<br><br>2.Локална соработка и вмрежување<br><br>3.Бизнис опкружување, транспарентност и администрација без корупција<br><br>4. Вештини, човечки ресурси, инклузивност<br><br>5. Надворешно позиционирање и маркетинг | **2.Поволна бизнис клима, нови инвестиции и нови работни места** | 2.1 Набавка и ставање во функција на Интегриран ГИС систем и систем за електронски постапки | 2023 – една година | Опшина Битола | 5.498.800 денари | Функционален ГИС систем како основа за Дигитализирани услуги, пократко време на решавање на предмети | Инсталиран и функционален систем, ефективност и ефикасност, електронско следење на предметите од барателите и одговорните лица во институцијата, намалување до целосно отстранување на долгите бирократски процедури |
| | | 2.2 Изработка на Каталог на општински имот | 2024 – 2025 | Опшина Битола | 300.000 денари | Изработенкаталог со податоци за потенцијални инвеститори, податоци за објекти кои може да се дадат под закуп, подобро планирање на приходите | Изработен каталог од минимум 200 страни Зголемен број на инвеститори |
| | | 2.3 Изработка на Генерален урбанистички план | 2023-2026 | Опшина Битола / | 61.500.000 денари | Усогласување на новиот ГУП со законската регулатива и реалните | Изработен/усогласен ГУП Соодветно планирање на просторот, побрзо |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | ЈП за урбанистичко планирање, други правни субјекти и експерти | | потреби на градот од аспект на планирање на намени на површини, сообраќајна и друга инфраструктура, планирање на мерки за заштита на природното наследство и животната средина, заштита на природата, озеленување на населбите и други мерки за остварување на целите на планирањето | завршување на одредени постапки за изградба на нови капацитети, реализација на инфраструктурни проекти |
| | | 2.4 Организирање на Универзитетска летна пракса за студентите од УКЛО во Општина Битола и јавните претпријатија | 2023-2026 | Општина Битола | 1.500.000 денари | Стекнување практични вештини на студентите и зголемена ефикасност на општината и јавните претпријатија во летниот период/обучени лица и примена на стекнатите знаења | Годишно максимум 40 учесници - студенти на праксата |
| | | 2.5 Доквалификација/преквалификација според потребите на бизнис секторот | 2024-2026 | Единица на УКЛО / Центар за кариера, алумни и доживотно уче-ње, правно/физичко лице, Центар за вра-ботување, Ре-гионална | | Обучени лица согласно потребите на пазарот на трудот / намалување на јазот помеѓу барањата на пазарот на трудот и побарувачката | Број на учесници на обуките<br>Број на успешно завршени<br>Број на обуки<br>Подобрени вештини, надминување на дефицитот во одредени области, намалување на невработеноста, намалување на иселувањето на младите луѓе |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | стопанска комора, МОН/бизнис сектор | | | |
| | | 2.6 Изградба и доградба на инфраструктура за пристап до земјоделско земјиште | 2023-2027 | Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој/Други фондови | 1.000.000 денари за 2023 | Изграден пат<br>Подобрена патна инфраструктура и пристапни патишта за современа механизација до земјоделско земјиште | 3523 метри на изграден пат<br>Квалитетно обработено земјоделско земјиште со соодветна модерна механизација, зголемени приноси на земјоделските производи, извоз на земјоделските продукти |
| | | 2.7 Реализација на проектот: Дали сте подготвени за Пелистер? | 2022-2024 | Фондација за одржлив развој - ПРЕДА Плус / Општина Битола, УНДП | 1.832.920 денари | 340 даватели на туристички понуди во Потпелистерието.<br>Зголемен број на домашни и странски туристи со раст од 15%, зголемен број на вработувања за нови 50 лица (мин.50% жени), таргет публика 20.000 | Квантитативни индикатори на директниот резултат<br>Подигнување на еколошката свест за зачувување на природните богатства, растителниот и животинскиот свет.<br>Поттикнување на еко, авантуристичкиот и руралниот туризам.<br>Креирање на нови работни места преку одржлив развој на туризмот во руралните средини во Потпелистерието (селата Ниже Поле, Дихово, Магарево и Трново) |
| | | 2.8 Организирање обуки и поддршка за женско претприемништво | 2023 – 6 месеци | РСК, Економско - социјален совет, академска заедница, ГО, работодавачи, UN | 120.000 денари | Обучени жени со вештини кои ќе им го олеснат нивното вработување или започнувањето личен бизнис | 20 обучени жени<br>5 обуки<br>Намалување на невработеноста, нови бизниси со женско претприемништво |

| ***Градежни блокови*** | ***Клучни (стратешки) цели*** | ***Активности/проектни идеи*** | ***Времетраење (почеток/крај)*** | ***Вклучени партнери*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Резултати (директни (outputs))*** | ***Мониторинг индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | WOMEN, CEED и други донатори и други институции | | | |
| | | 2.9 Изработка на локален стратешки план за образование | 2023 – 2024 | Универзитет „Св.Климент Охридски" Битола, училишта средни и основни, МОН | 500.000 денари | Изработен локален стратешки план со усогласени образовни профили според потребите на пазарот на трудот | Усвоен е изработениот план<br>Намалување на невработеноста и обезбедување на потребните профили на пазарот на трудот |
| | | 2.10 Изработка на протоколи, документи и прописи во функција на инвестирање во општина Битола | 2023 – 2024 | Општина Битола, одделението за ЕР / РСК, Економско - социјален совет, академска заедница | Ќе се користат ресурсите на општинската администрација и pro bono ангажмани | Изработени протоколи, документи за олеснување на комуникација и директен пристап на заинтересираните инвеститори | Усвоени најмалку 5 протоколи, документи и прописи<br>Зголемен број инвестиции и нови работни места, зголемен економски развој |
| | | 2.11 Изработка на маркетинг - план „Инвестирај во Битола" – видео и печатен материјал | 2024 – 2025 | Општина Битола, одделението за ЕР, ЈП ИЗ Жабени / РСК, Економско - социјален совет, академска заедница, медиуми | 260.000 денари | Изработен план за промоција на условите за инвестирање во Битола | Усвоен план<br>Зголемен број инвестиции и зголемен број нови работни места |

| ***Градежни блокови*** | ***Клучни (стратешки) цели*** | ***Активности/проектни идеи*** | ***Времетраење (почеток/крај)*** | ***Вклучени партнери*** | ***Предвидени трошоци*** | ***Резултати (директни (outputs))*** | ***Мониторинг индикатори*** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 2.12 Организација на Бизнис – форум „ „Промоција на условите за инвестирање и вмрежување на инвеститори‟ | 2024 – 2025 | Општина Битола, одделението за ЕР, ЈП ИЗ Жабени / РСК, Економско - социјален совет, академска заедница | 300.000 денари | Организиран форумот за Промоција на условите за инвестирање и вмрежување на инвеститори | Број на излагачи, број на учесници Зголемен број инвестиции и зголемен број нови работни места |
| | | 2.13 Изготвување на „Мапа на ресурси”- база на податоци на домашни субјекти (правни и физички лица) кои имаат расположливи капацитети и проекти за привлекување на домашни и странски директни инвестиции | 2023 – 2024 | Општина Битола, одделението за ЕР / РСК, Економско - социјален совет, академска заедница, деловни субјекти | 600.000 денари | Изработена мапа Интегрирано и достапно претставување на инвестициските можности во општина Битола, зголемено искористување на фондовите и поволните кредити | Усвоена мапа Зголемен број инвестиции и зголемен број нови работни места |
| | | 2.14 Организирање меѓународна конференција „Битола атрактивна инвестициска дестинација‟ | 2024 – 2025 | Општина Битола, одделението за ЕР, деловни субјекти, академска заедница / РСК, Економско - социјален совет, | 350.000 денари | Вмрежување и воспоставени меѓународни контакти со инвеститори | Број на предавачи Број на учесници Број на евентуални иницирани контакти |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | академска заедница | | | |
| | | 2.15 Градење мрежа на партнерства за зелена економија | 2023 - 2027 | Локална самоуправа, збратимени градови, општини од прекуграничен регион, асоцијации на работодавачи, високообразовни и други стручни и научни институции и слично; овозможувачи, подржувачи, спроевдувачи и граѓански организации | | Користење на ЕУ искуства<br>Обезбедување на квалитетна работна сила за зелени работни места<br>Изработка на заеднички апликации за проекти<br>Истражувања<br>Идентификација на потреби | Број на аплицирани проекти<br>Број на заеднички истражувања<br>Добиени квалитативни и квантитативни податоци |
| | | 2.16 Креирање на континуирана стартап програма и акцелерација на стартапи | 2023 - 2027 | Млади, локална самоуправа, бизнис сектор, | | Нови работни места<br>Иновации и усвојување технологија<br>економска разновидност | Број на нововрaботени преку старт ап програми<br>Воведени иновации<br>Воведени нови програми<br>Разменети знаења и стекнати вештини |

| Градежни блокови | Клучни (стратешки) цели | Активности/проектни идеи | Времетраење (почеток/крај) | Вклучени партнери | Предвидени трошоци | Резултати (директни (outputs)) | Мониторинг индикатори |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
